ОПШТИНСКИ
# ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 2 - Октомври 2018

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk

## Крива Паланка го одбележа Денот на ослободувањето

Со највисоки почести, Општина Крива Паланка, во присуство на повеќе делегации го одбележа 8 Октомври, Денот на ослободувањето на општината.



На свечената седница на Советот на општина Крива Паланка, свое обраќање имаше градоначалникот Борјанчо Мицевски.

-Денес навршуваат 74 години од ослободувањето на Крива Паланка, ден од кога градот почна да чекори по патот на просперитет, стабилност, развој и подем. Целиот овој период општина Крива Паланка растеше и се развиваше во она што е денес – град со современа и модернизирана инфраструктура, урбанизиран и адаптиран на она што се нарекува современи стандарди и прилики за општествен напредок и развој – истакна градоначалникот Мицевски во своето обраќање.




Градоначалникот Мицевски и градоначалникот на украинскиот град Перечин, Иван Погорељук, потпишаа договор за соработка и за збратимување на двете општини.

## Амбасадорот Жбогар почесен граѓанин на Крива Паланка, министерот Николовски награден за развој на градот



На свечената академија која се одржа по повод Денот на ослободување на градот, Семјуел Жбогар, амбасадор на Европската унија во Македонија е прогласен за почесен граѓанин на Крива Паланка, а министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, е одликуван со Осмооктомвриско признание за особени заслуги во афирмацијата и развојот на градот.

## Јордан Михајловски добитник на Осмооктомвриската награда на Крива Паланка

Професор доктор Јордан Михајловски е добитник на годинашната општинска награда „8 Октомври" која општината ја доделува по повод празникот на градот.



Наградата се доделува за особени достигнувања и творечки труд во изминатите четири децении во кои Михајловски работел како универзитетски професор. Автор е на монографијата за Крива Паланка, на повеќе книги за историјата и културното наследство на градот, општествен работник и деец, а неодамна ја напиша и првата спортска монографија - Историја на спортот во Крива Паланка 1912-2018.

Благодарница за посебни достигнувања во областа на науката, образованието и спортот добија: кошаркарот Андреј Јакимовски, пинг-понгарката Ана Стојановска, ученичката Лина Рангелова и средно општинско училиште „Ѓорче Петров", Крива Паланка, а фирмата „Ју-Бај 2" доби пофалница од Општината за успешна соработка.



## Празничен концерт на КУЗ „Фолклористи"

Бројните присутни домашни и странски гости имаа можност да го проследат празничниот концерт на КУЗ „Фолклористи" по повод Денот на ослободувањето, 8 Октомври.

## Чистење на пропусти, регулациони корита и отворени канали

Општина Крива Паланка отпочнаа со акција за чистење на плочести и цевчести пропусти, отворени канали, канавки и уредени регулациони корита.



Се вади акумулираниот материјал под плочестите пропусти на магистралната улица каде поминуваат поголемите долови: Куков дол, Трештен дол, Домачки дол. Паралелно извршено е и чистење на отворениот канал покрај магистралната улица пред зградите на улица Херој Карпош и на отворениот канал од бензинската пумпа до влезот во населбата Бегови бавчи.

Спроведено е целосно чистење на уреденото регулационо корито на Белевски дол од брана до влив во Крива Река, како и чистење на два цевчести пропусти под магистралната улица кај сервисот на Данче автолимар.




## Акција за мапирање и чистење на дивите депонии на Калин Камен на извидничкиот одред Наум Наумовски Борче

Извиднички одред Наум Наумовски Борче од Крива Паланка на ден 12, 13 и 14 октомври 2018 година на локалитетот Калин Камен, ја спроведе четвртата активност од проектот ,,Младински платформи за одржлива заштита на природата“ кој финансиски е поддржан од Буџетот на општина Крива Паланка.



Главна цел на оваа теренска активност е делумно отстранување на веќе мапираните диви депонии и поставување на садови за отпадоци во околината на туристичкиот локалитет Калин Камен.

## Во Крива Паланка поставена првата станица за полнење на електромобили

Општина Крива Паланка во соработка со ЕВН изгради електрична инфраструктура во рамки на проектот за развој на електромобилноста и постави станица за полење на елекртични возила.



Станицата за полнење на електрични возила е поставена на улица „Св.Јоаким Осоговски“ на јавен паркинг кај Осички мост пред Пензионерскиот дом.



## Подобрување на мрежата за јавно осветлување

Во континуирана соработка со ЕВН Македонија и изведувачот на работите ЈП Комуналец значително е подобрена состојбата на мрежата за јавно осветлување на територијата на општината.

Зголемен е опсегот и мрежата на јавно осветлување преку инсталација на нови дополнителни околу 100 сијалични места на целата територијата на општината. Извршена е замена на натриумови 150W сијалици со ЛЕД 50 W штедливи сијалици (50 броја) на главната градска улица „Св.Јоаким Осоговски“. Во тек е континуирана замена на дотраени 125W живини сијалици со штедливи 35W сијалици и неонски 55W.



Се работи на замена на дотраени столбови, неизолирани проводници и заштита на ормарите за јавно осветлување.

Со целокупниот процес на замена и оддржување направена е заштеда од околу 600.000 денари за 2018 во однос на 2017 година за потрошена електрична енергија и околу 200.000 денари за работна рака за оддржување.

## Реализиран проектот „Чекор поблиску“ на здружението за младински иницијативи ЦИК-ЦАК

Активностите на проектот „Чекор поблиску“ на здружението ЦИК-ЦАК, реализиран со финасиска поддршка од Буџетот на општина Крива Паланка, се сконцентрирани на соработката со и помеѓу младите и нивното влијание во сите области на јавната политика, како и соработка во креирањето политики и целосна вклученост на младите во општествените текови.



Презентација на публикацијата „Анализа за состојбата, сегашните и идни предизвици на младите во Крива Паланка“.

За потребите на овој проект беше реализирано истражување, со цел младите од општината подлабоко да се вклучат во истражувањето и таргетирањето на нивните потреби и проблеми со кои се соочуваат, како и подигање на свеста кај што повеќе засегнати страни.

Како финален продукт од проектот произлезе и публикација насловена „Анализа за состојбата, сегашните и идни предизвици на младите во Крива Паланка“.

# Тековни градежни активности за подобрување на комуналната инфраструктура

Во изминатиот период Општина Крива Паланка работеше на разрешување на повеќе инфраструктурни проблеми кои ги засегаат граѓаните на општината, а кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на урбаното живеење во различни делови од градот и неговата околина.



Асфалтирање на два крака на улица „8 Октомври“ во должина од 120 м и 90 м со вкупна површина од околу 923 м$^2$ .



Асфалтирање на дел од улица „Херој Карпош“ во месноста кај „Стара кожара“ во должина од 180 м со површина од околу 800 м$^2$.



Асфалтирање на паркинг простор на улица „8 Октомври“ со површина од 388 м2.



Санирање на асфалтни површини во населба Лозаново.



Расчистување и оспособување на делница од патот кон с. Градец, во должина од околу 6 км, делница од патот кон нас. Дивјанци, во должина од околу 2 км и на делница од патот кон с. Киселица, во должина од околу 6 км.



Тампонирање на делница од пат во населба Маневци во должина од околу 150 м.

Реконструкција на локален пат во населено место Конопница кон место викано Спас-селски гробишта. Во оваа фаза се опфатени 310 м .





## Изградба на пешачка патека „Висока зона лев брег“

Изградбата на **пешачката патека „Висока зона лев брег“** е во рамки на проектот ,,Туризам без граници“ финансиран од ИПА програмата на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Косово.



Градежните работи се целосно завршени на околу 280 метри од проектираната патека. Целосно е завршен еден од предвидените видиковци, изградени се два потпорни ѕида, поставени се околу 50 метри ограда со изградени пристапни скали. На останатиот дел од трасата завршени се сите земјени работи со поставен тампон.



Вкупна вредност на инвестицијата е 83,5 илјади евра и со временска рамка на изградба од 4 месеци. Должина на патеката е од 869м и широчина од 1,5м .

## Српската амбасадорка Томиќ во работна посета на Крива Паланка



Амбасадорката на Република Србија во Република Македонија, Душанка Дивљак-Томиќ, оствари работна средба со градоначалникот на Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, во пресрет на новиот повик од ИПА за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија.

На средбата беше разговарано и за решавање на проблемот со времениот граничен премин кај Голеш, Мала Црцорија меѓу Србија и Македонија, кој е долгогодишно барање на жителите од двата погранични региони.

## Потпишана Декларација за пријателство помеѓу Грос-Цимерн и Крива Паланка

Делегација од општина Крива Паланка предводена од градоначалникот Борјанчо Мицевски заедно со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство остварија посета на општината Грос-Цимерн во Германија, на покана на градоначалникот Ахим Грим.



Во рамки на посетата беше потпишана **Декларација за пријатлство помеѓу Грос-Цимерн и Крива Паланка** за продлабочување на соработката на културен, економски и социјален план.
На средбата присуствуваше и генералниот секретар на Христијанско-демократската унија, Манфред Пенц.



Презентација на традицонални специјалитети, солени и слатки од Кратово, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковце, како и од Трговиште и Босилеград




## Меѓународен фестивал на староградски песни

Во Крива Паланка се оддржа третиот Меѓународен фестивал на староградски песни. На фестивалот, покрај домаќините КУЗ „Распеани паланчани“ настапија пејачки друштва од Радовиш и Пехчево, Градскиот хор од Штип, како и пејачкото друштво Еделвај од Ќустендил, Р.Бугарија.



Во рамките на фестивалот, кривопаланечката публика имаше можност да ја проследи драмата „Оженил се Санде Калајџија“ во изведба на учениците СОУ Ѓорче Петров, а под ментроство на проф. Катерина Митовска Наковска.

Овој настан беше збогатен и со промоција на „Збирка на кривопаланечки староградски песни“ изработена од членовите на КУЗ „Распени паланчани“, како и новите костими за членовите на друштвото, кои се реализирани во рамки на проект кој е финасиски поддржан од Буџетот на општина Крива Паланка.



## „Шопска софра 2018“ и ревија на народни носии „Пчиња-Краиште“

Во чест на Денот на ослободувањето на градот, се одржаа две автентични манифестаци на кои беа претставени традиционалната кујна, фолклор и колоритот на носиите од регионот: „Шопска софра“ и Дефиле-ревија на народни носии од прекуграничниот регион „Пчиња-Краиште“.